РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА ПРИМЕНА НА ЈАЗИКОТ ШТО ГО ЗБОРУВААТ НАЈМАЛКУ 20% ОД ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
AGJENCIA PËR ZBATIMIN E GJUHËS QË E FLASIN SË PAKU 20 % E QYTETARËVE TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр./Nr. 0302-80/2
07.02 2025 год./viti

Државните органи и институции од јавниот сектор на Република Северна Македонија поаѓајќи од заложбите за обезбедување и почитувањето на уставноста, законитоста, професионалниот интегритет, транспарентноста и заштитата на човековите слободи и права, ја усвојуваат следната политика:

Organet dhe institucionet shtetërore nga sektori publik i Republikës së Maqedonisë së Veriut, duke u nisur nga përkushtimi i tyre për sigurimin dhe respektimin e kushtetutshmërisë, ligjshmërisë, integritetit profesional, transparencës dhe mbrojtjes së lirive dhe të drejtave të njeriut, miratojnë politikën në vijim:

ПОЛИТИКА НА ИНТЕГРИТЕТ

Државните органи и институции од јавниот сектор на Република Северна Македонија го прифаќаат интегритетот како темел на доброто управување и стратешки и одржлив одговор на корупцијата.

Интегритетот е од суштинско значење за економскиот, социјалниот и општествениот просперитет.

Под интегритет се подразбира законито, независно, непристрасно, етничко, одговорно и транспарентно вршење работи со кои службените лица го чуваат својот углед и угледот на институцијата во која се одговорно лице, односно се вработени, ги елиминираат ризиците и ги отстрануваат сомневањата во можноста од настанување и развој на корупција и со тоа обезбедуваат доверба на граѓаните во вршењето на јавните функции и во работата на јавните институции.

Засилувањето и подигнувањето на интегритетот е заедничка мисија и одговорност на сите институции во системот и на сите нивоа на власт.

POLITIKA E INTEGRITETIT

Organet shtetërore dhe institucionet e sektorit publik të Republikës së Maqedonisë së Veriut pranojnë integritetin si themel të qeverisjes së mirë dhe përgjigje strategjike dhe të qëndrueshme ndaj korrupsionit.

Integriteti është thelbësor për prosperitetin ekonomik, social dhe shoqëror.

Me integritet nënkupton kryerjen e ligjshme, të pavarur, të paanshme, etike, të përgjegjshme dhe transparente të detyrave me të cilat personat zyrtarë ruajnë reputacionin e tyre dhe reputacionin e institucionit në të cilin janë përgjegjës, përkatësisht janë të punësuar, eliminojnë rreziqet dhe largojnë dyshimet për mundësinë e shfaqjes dhe të zhvillimit të korrupsionit, dhe në këtë mënyrë garantojnë besimin e qytetarëve në kryerjen e funksioneve publike dhe në punën e institucionit publik.

Forcimi dhe rritja e integritetit është mision dhe përgjegjësi e përbashkët e të gjitha institucioneve në sistem dhe në të gjitha nivelet e qeverisjes.

Прифаќајќи ја политиката на интегритет, Агенцијата за примена на јазикот на РСМ се обврзува на:

(1) воспоставување систем на интегритет во институциите,
(2) спроведување и поддршка на системот на интегритет и
(3) следење и известување за примената на системот за интегритет.

Агенцијата за примена на јазикот на РСМ ги запознава со својата политика за интегритет и припадниците на приватниот сектор, граѓанското општество и граѓаните барајќи од нив, како партнери во процесот да ги почитуваат поставените вредности и стандарди во односите со државните органи и институциите од јавниот сектор.

Duke pranuar politikën e integritetit, Agjencia e Zbatimit të Gjuhës së RMV-së merr përsipër:

(1) vendosjen e sistemit të integritetit në institucione,
(2) zbatimin dhe mbështetjen e sistemit të integritetit dhe
(3) ndjekjen dhe njoftimin për zbatimin e sistemit të integritetit.

Agjencia e Zbatimit të Gjuhës e RMV-së i njofton me politikën e saj të integritetit edhe pjesëtarët e sektorit privat, të shoqërisë civile dhe qytetare, duke kërkuar prej tyre, si partnerë në këtë proces, të respektojnë vlerat dhe standardet e përcaktuara në marrëdhëniet me organet shtetërore dhe institucionet e sektorit publik.

1. Воспоставување систем за интегритет

Системот за интегритет е воспоставен на начин да овозможи државните органи и институции од јавниот сектор да работат и да ја извршуваат својата надлежност почитувајќи ги законите и во согласност со највисоките етички стандарди.

Системот за интегритет почива на следните елементи што претставуваат своевидни стандарди за интегритет:

•заштитата на јавниот интерес и спречувањето на судирот на интереси;

•почитување на етичкиот кодекс кој е релевантен за позицијата на службеното лице;

•управување со човечките ресурси врз основа на систем на заслуги и квалификации;

•наменско, рационално и ефикасно управување со јавните ресурси;

1. Vendosja e sistemit të integritetit

Sistemi i integritetit është vendosur në mënyrë që t'u mundësojë organeve shtetërore dhe institucioneve të sektorit publik të punojnë dhe të kryejnë kompetencat e tyre duke respektuar ligjet dhe në pajtim me standardet më të larta etike.

Sistemi i integritetit bazohet në elementet e mëposhtme, të cilat përfaqësojnë standardet e integritetit:

•mbrojtjen e interesit publik dhe parandalimin e konfliktit të interesave;

•respektimin e kodit etik që është i rëndësishëm me pozicionin e personit zyrtar;

•menaxhimin e burimeve njerëzore në bazë të sistemit të meritave dhe të kualifikimeve;

•menaxhimin e synuar, racional dhe efikas të burimeve publike;

•транспарентност и пристап до информациите од јавен карактер;

• заштитено пријавување од укажувачи;

• управување со квалитет.

•transparencën dhe qasjen në informacionet me karakter publik;

• raportimin e mbrojtur nga treguesit;

• menaxhimin e cilësisë.

1.1. Заштита на јавниот интерес и спречување на судирот на интереси

Агенцијата за примена на јазикот на РСМ и вработените се обврзуваат дека во своето работење ќе му даваат приоритет на јавниот над приватниот интерес и дека ќе поттикнуваат и ќе развиваат организациска култура што не толерира судир на интереси и во која индивидуалната одговорност и личниот пример се основа за доброто управување.

За да се овозможи ефикасно управување со судирот на интереси во Агенцијата за примена на јазикот на РСМ се спроведува постапка за јасна идентификација и декларирање на личните интереси, се утврдуваат јасни правила за очекувањата од службените лица кога постои ризик од судир на интереси, се обезбедува транспарентност во процесот за решавање на ситуациите во кои се појавува судир на интереси и се развиваат механизми за следење на примената на правилата за превенција на судирот на интереси.

1.1. Mbrojtja e interesit publik dhe parandalimi i konfliktit të interesave

Agjencia e Zbatimit të Gjuhës e RMV-së dhe të punësuarit e saj marrin përsipër t'i japin përparësi interesit publik mbi interesin privat në punën e tyre dhe të inkurajojnë dhe zhvillojnë kulturë organizative që nuk toleron konfliktet e interesit dhe në të cilën përgjegjësia individuale dhe shembulli personal janë bazë për qeverisje të mirë.

Për të mundësuar menaxhimin efikas të konfliktit të interesave në Agjencinë e Zbatimit të Gjuhës e RMV-së, zbatohet procedura për identifikimin dhe deklarimin e qartë të interesave personale, përcaktohen rregulla të qarta për pritjet nga personat zyrtarë kur ekziston rreziku i konfliktit të interesit, sigurohet transparencë në procesin e zgjidhjes së situatave në të cilat lind konflikti i interesit dhe zhvillohen mekanizmat e zbatimit të rregullave për parandalimin e zbatimit të rregullave për ndjekjen e zbatimit të interesave.

1.2. Почитување на етичкиот кодекс кој е релативен за позицијата на службеното лице

Службените лица во Агенцијата за примена на јазикот на РСМ се должни да го почитуваат етичкиот кодекс на институцијата во која работат, а чија цел е да се промовира професионалност, заштита на јавниот интерес, отчетност, одговорност, непристрасност, недискриминација и политика на неутралност.

1.2. Respektimi i kodit etik që është relativ me pozicionin e personit zyrtar

Personat zyrtarë në Agjencinë e Zbatimit të Gjuhës e RMV-së janë të obliguar të respektojnë kodin etik të institucionit në të cilin punojnë, i cili ka për qëllim promovimin e profesionalizmit, mbrojtjen e interesit publik, llogaridhënien, përgjegjësinë, paanshmërinë, mosdiskriminimin dhe politikën e neutralitetit.

Агенцијата за примена на јазикот на РСМ развива механизми што овозможуваат доследно да се следи почитувањето на етичкиот кодекс од страна на службените лица.

Agjencia e Zbatimit të Gjuhës e RMV-së është duke zhvilluar mekanizma që mundësojnë ndjekjen e vazhdueshme të respektimit të kodit etik nga ana e personave zyrtarë.

За областите што се нагласено подложни на корупција, како што се јавните набавки, Агенцијата за примена на јазикот на РСМ усвојува и посебни кодекси за постапување.

Për fushat që janë veçanërisht të ndjeshme ndaj korrupsionit, siç janë prokurimet publike, Agjencia e Zbatimit të Gjuhës e RMV-së miraton gjithashtu kode të veçanta për sjellje.

1.3. Управување со човечките ресурси врз основа на систем на заслуги и квалификации

1.3. Menaxhimi i burimeve njerëzore në bazë të sistemit të meritave dhe të kualifikimeve

Интегритетот се промовира како дел од управувањето со човечки ресурси во Агенцијата за примена на јазикот на РСМ. Вработувањата се транспарентни по пат на јавен оглас, со однапред утврдени критериуми и со развиени политики што овозможуваат вработувања и унапредувања врз основа на заслуги и квалификации и оневозможуваат партиски влијанија, непотизам и кронизам.

Integriteti promovohet si pjesë e menaxhimit të burimeve njerëzore në Agjencinë e Zbatimit të Gjuhës e RMV-së.
Punësimet janë transparente nëpërmjet shpalljeve publike, me kritere të paracaktuara dhe politika të zhvilluara që mundësojnë punësim dhe ngritje në detyrë në bazë të meritave dhe kualifikimeve dhe parandalojnë ndikimin partiak, nepotizmin dhe miqësinë.

Во Агенцијата за примена на јазикот на РСМ се идентификувани работните позиции што се особено ранливи на корупција и за нив се предвидуваат посебни обврски во однос на заштитата на интегритетот.

Në Agjencinë e Zbatimit të Gjuhës e RMV-së janë të identifikuara vendet e punës të cilat janë veçanërisht të cenueshme nga korrupsioni dhe për ta parashikohen obligime të veçanta për mbrojtjen e integritetit.

Потребно е доследно да се почитуваат некомпатибилноста, забраните и ограничувањето својствени за работата во јавниот сектор.

Është e nevojshme të respektohen vazhdimisht papajtueshmëritë, ndalimet dhe kufizimet e qenësishme të punës në sektorin publik.

1.4. Наменско, рационално и ефикасно управување со јавните ресурси

1.4. Menaxhimi i qëllimshëm, racional dhe efikas i burimeve publike

Агенцијата за примена на јазикот на РСМ демонстрира отвореност, отчетност и инклузивност во дефинирањето на буџетските приходи и расходи водени од целта да го задоволат јавниот интерес и континуирано да ги подобруваат услугите за граѓаните.

Agjencia e Zbatimit të Gjuhës e RMV-së demonstron përgjegjësi, llogaridhënie dhe gjithëpërfshirje në përcaktimin e të hyrave dhe shpenzimeve buxhetore duke u udhëhequr nga qëllimi i përmbushjes së interesit publik dhe përmirësimit të vazhdueshëm të shërbimeve për qytetarët.

Агенцијата за примена на јазикот на РСМ се обврзува дека договорите за јавни набавки,

Agjencia e Zbatimit të Gjuhës e RMV-së merr përsipër që kontratat e prokurimit publik,

Адреса: ул „Филип Втори Македонски" бр. 11, 3-ти кат - Скопје
Adresa: rr. "Filipi i Dytë i Maqedonisë" nr. 11, kati i 3-të - Shkup
E-mail: info@api.gov.mk

јавно-приватно партнерство, доделување концесии на државни ресурси, закуп и продажба на државен имот и земјиште итн. ќе ги сключува низ транспарентни процедури што овозможуваат еднаков третман и конкуренција на заинтересираните учесници.

partneritetet publiko-private, dhënien e koncesioneve të burimeve shtetërore, dhënien me qira dhe shitjen e pronës dhe tokës shtetërore etj., do t'i lidhë ato përmes procedurave transparente që sigurojnë trajtim dhe konkurrencë të barabartë ndërmjet pjesëmarrësve të interesuar.

1.5. Транспарентност и пристап до информации од јавен карактер

Агенцијата за примена на јазикот на РСМ обезбедува вистинити, соодветни, навремени и целосни информации на граѓаните на правните лица, притоа почитувајќи го правото на приватност и заштитата на личните податоци.

Агенцијата за примена на јазикот на РСМ се стреми кон високо ниво на активна транспарентност, односно објавување на што е можно повеќе информации на својата веб-страница и демонстрира подготвеност нејзиното работење да биде ставено на јавен увид и контрола.

Службените лица не смеат да ги користат информациите со кои располагаат во вршењето на функциите, јавните овластувања и службените должности за остварување корист или предност за себе или за друг.

1.5. Transparenca dhe qasja në informacionet me karakter publik

Agjencia e Zbatimit të Gjuhës e RMV-së siguron informacione të vërteta, të duhura, në kohë dhe të plota të qytetarëve të personave juridikë, duke respektuar të drejtën e privatësisë dhe mbrojtjen e të dhënave personale.

Agjencia e Zbatimit të Gjuhës e RMV-së përgatitet për nivel të lartë të transparencës aktive, përkatësisht publikim të sa më shumë informacioneve të ueb-faqes së saj të internetit dhe të demonstrojë gatishmëri për t'iu nënshtruar shqyrtimit dhe kontrollit publik të punës së saj.

Personat zyrtarë nuk mund t'i përdorin informacionet që disponojnë në kryerjen e funksioneve të tyre, njoftimeve publike dhe detyrave zyrtare për realizim të përfitimit ose përparësi për vete ose për dikë tjetër.

1.6. Заштитено пријавување од укажувачи

Овозможувањето на укажувачите да пријавуваат недозволиво или незаконито постапување не стравувајќи од последици, претставува еден од столбовите за успешна превенција, откривање, истрага и санкционирање на ваквите постапувања со кои се загрозува работењето на институцијата.

Агенцијата за примена на јазикот на РСМ усвојува процедура за заштитено пријавување и има назначено овластено лице за прием на пријави од укажувачи.

1.6. Raportimi i mbrojtur i denoncuesve

Mundësimi i denoncueve për të raportuar sjellje të palejueshme ose të paligjshme pa frikën e pasojave, paraqet një nga shtyllat për parandalimin, zbulimin, hetimin dhe sanksionimin e suksesshëm të sjelljeve të tilla që rrezikojnë funksionimin e institucionit.

Agjencia e Zbatimit të Gjuhës e RMV-së miraton procedurë për raportim të mbrojtur dhe ka caktuar një person të autorizuar për të pranuar raporte nga denoncuesit.

Со процедурата за заштитено пријавување и со овластеното лице за заштитено пријавување се запознаваат сите засегнати страни.

Me procedurën për raportimin e mbrojtur dhe me personin e autorizuar për raportim të mbrojtur njoftohen të gjitha palët e prekura.

1.7. Управување со квалитетот

Агенцијата за примена на јазикот на РСМ воспоставува систем на работење преку кој постојано се унапредува работењето и процесите, се намалуваат ризиците и трошоците, а се подобрува мотивираноста на вработените и се следат вкупните резултати од работењето.

Унапредувањето на испораката и подобрувањето на квалитетот на услугите се врши преку одговорно планирање, управување и реализација на процесите и промовирање култура на извонредност на јавната администрација, во согласност со меѓународниот стандард ИСО 9001, Заедничката рамка за процена – ЦАФ и други стандарди за квалитет во јавниот сектор.

1.7. Menaxhimi i cilësisë

Agjencia e Zbatimit të Gjuhës e RMV-së vendos sistem të punës përmes të cilit vazhdimisht përmirësohen puna dhe proceset, zvogëlohen rreziqet dhe shpenzimet, përmirësohet motivimi i të punësuarve dhe ndiqen rezultatet e përgjithshme të punës.

Avancimi i ofrimit të shërbimit dhe përmirësimi i cilësisë së shërbimit realizohet nëpërmjet planifikimit, menaxhimit dhe zbatimit të përgjegjshëm të proceseve dhe promovimit të kulturës së mirë në administratën publike, në pajtim me standardin ndërkombëtar ISO 9001, Kornizën e Përbashkët të Vlerësimit - CAF dhe standardet e tjera të cilësisë në sektorin publik.

2. Спроведување и поддршка на системот на интегритет

За да овозможи ефикасно спроведување на системот на интегритет, Агенцијата за примена на јазикот на РСМ е посветена на градење на капацитетите и поддршка на сите службени лица во процесот на исполнувањето на обврските што произлегуваат од стандардите за интегритет во насока на законито, независно, непристрасно, етичко, одговорно и транспарентно вршење на работните задачи.

Раководните структури во Агенцијата за примена на јазикот на РСМ се одговорни за воспоставување и спроведување на системот на интегритет, како и за нивна промоција преку своето лично однесување и со преземање мерки за колективна прифатеност на политиката на интегритет и придржување кон неа од страна на вработените.

2. Zbatimi dhe mbështetja e sistemit të integritetit

Për të mundësuar zbatimin efikas të sistemit të integritetit, Agjencia e Zbatimit të Gjuhës e RMV-së angazhohet për ngritjen e kapaciteteve dhe mbështetjen e të gjithë personave zyrtarë në procesin e përmbushjes së detyrimeve që rrjedhin nga standardet e integritetit ndaj kryerjes së ligjshme, të pavarur, të paanshme, etike, të përgjegjshme dhe transparente të detyrave të punës.

Strukturat drejtuese në Agjencinë e Zbatimit të Gjuhës e RMV-së janë përgjegjës për krijimin dhe zbatimin e sistemit të integritetit, si dhe për promovimin e tyre nëpërmjet sjelljes së tyre personale dhe marrjen e masave për pranimin kolektiv të politikës së integritetit dhe respektimin e saj nga ana e të punësuarve.

Градењето на капацитетите се одвива преку редовна едукација на вработените за соодветна примена на стандардите за интегритет по пат на обуки, како и со овозможување на советување за сите дилеми што можат да се јават кај службените лица во секојдневното работење.

Ngritja e kapaciteteve bëhet nëpërmjet edukimit të rregullt të të punësuarve për zbatimin e duhur të standardeve të integritetit nëpërmjet trajnimeve, si dhe duke ofruar këshilla për të gjitha dilemat që mund të lindin te personat zyrtarë në punën e tyre të përditshme.

За да обезбедат ефикасно спроведување на системот за интегритет, Агенцијата за примена на јазикот на РСМ назначува лице за интегритет и негов заменик.

Për të siguruar zbatimin efektiv të sistemit të integritetit, Agjencia e Zbatimit të Gjuhës e RMV-së cakton person për integritet dhe zëvendësin e tij.

Агенцијата за примена на јазикот на РСМ ги идентификува ризиците од корупција иистите редовно ги проценува и ги следи. Соодветно на тоа се преземаат и мерки за надминување на ризиците што го загрозуваат интегритетот на институцијата.

Agjencia e Zbatimit të Gjuhës e RMV-së identifikon rreziqet e korrupsionit dhe rregullisht i vlerëson dhe i ndjek ato. Sipas asaj merren masa për tejkalimin e rreziqeve që rrezikojnë integritetin e institucionit.

3. Следење и известување за примената на системот на интегритет

3. Ndjekja dhe njoftimi i zbatimit të sistemit të integritetit

Агенцијата за примена на јазикот на РСМ овозможува двостепен систем на следење на примената на системот за интегритет, на ниво на самата институција и од страна на надлежната институција Државната комисија за спречување на корупцијата (во понатамошниот текст: ДКСК).

Agjencia e Zbatimit të Gjuhës e RMV-së mundëson sistem me dy nivele të ndjekjes së zbatimit të sistemit të integritetit, në nivel të vetë institucionit dhe nga institucioni kompetent, Komisioni Shtetëror i Parandalimit të Korrupsionit (në tekstin e mëtejmë: KShPK).

Целта на следењето на системот на интегритет во Агенцијата за примена на јазикот на РСМ е да се утврди ефикасноста на применетите политики и процедури што овозможуваат доследна примена на стандардите за интегритет, како и за мерење на резултатите од применетите мерки за намалување на ризиците од корупција. Процесот за следење и известување за примената на системот за интегритет го координира лицето за интегритет. Агенцијата за примена на јазикот на РСМ спроведува и внатрешни контроли за проверка на примената на стандардите за интегритет преку вклучување на внатрешната ревизија.

Qëllimi i ndjekjes së sistemit të integritetit në Agjencinë e Zbatimit të Gjuhës së RMV-së është të përcaktohet efikasiteti i politikave dhe procedurave të zbatuara që mundësojnë zbatimin e rradhës të standardeve të integritetit, si dhe për matjen e rezultateve të masave të zbatuara për uljen e rreziqeve të korrupsionit. Procesi i ndjekjes dhe njoftimit për zbatimin e sistemit të integritetit koordinon personi për integritet. Agjencia e Zbatimit të Gjuhës e RMV-së zbaton gjithashtu kontrolle të brendshme për të kontrolluar zbatimin e standardeve të integritetit përmes përfshirjes së revizionit të brendshëm.

Адреса: ул „Филип Втори Македонски" бр. 11, 3-ти кат - Скопје
Adresa: rr. "Filipi i Dytë i Maqedonisë" nr. 11, kati i 3-të - Shkup
E-mail: info@apj.gov.mk

Агенцијата за примена на јазикот на РСМ се обврзува на соработка со ДКСК овозможувајќи ѝ да го следи спроведувањето на системот за интегритет. За таа цел, Агенцијата за примена на јазикот на РСМ се обврзува на точно, редовно и навремено информирање на ДКСК за сите активности преземени во насока и примена на системот за интегритет, како и за спроведување на добиените насоки, препораки и укажувања од страна на ДКСК во однос на јакнење на интегритетот во институциите.

Agjencia e Zbatimit të Gjuhës e RMV-së obligohet të bashkëpunojë me KShPK-në, duke i mundësuar ndjekjen e zbatimit të sistemit të integritetit. Për këtë qëllim, Agjencia e Zbatimit të Gjuhës e RMV-së merr përsipër që ta informojë me saktësi, rregullisht dhe me kohë KShPK-në për të gjitha aktivitetet e ndërmarra në drejtim dhe zbatim të sistemit të integritetit, si dhe për zbatimin e udhëzimeve, rekomandimeve dhe sugjerimeve të marra nga KShPK për forcimin e integritetit në institucione.

в.д. Директор / u.d. Drejtori
Granit Osmani

Република Северна Македонија

Агенција за примена на јазикот на РСМ

Republika e Maqedonisë së Veriut

Agjencia e Zbatimit të Gjuhës e RMV-së

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
РЕПУБЛИКА Е МАКЕДОНИСË СË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА ПРИМЕНАТА ЈАЗИКОТ ШТО ЗБОРУВААТ НАЈМАКУ
20% ОД ГРАѓАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
AGJENCIA PËR ZBATIMIN E GJUHËS QË E FLASIN SË PAKU 20 %
E QYTETARËVE TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr. 0302-8013

07.02.2025 година/vit

ДО: Државна комисија за спречување на корупцијата
Бул. „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје

DREJTUAR: Komisionit Shtetëror të Parandalimit të Korrupsionit
Bul. „ Hyjlindësja e Shenjtë “ nr. 3, Shkup

Предмет: Номинација на лице за интегритет и негов заменик

Lënda: Nominimi i personit për integritet dhe zëvendësit të tij

Врска: Ваш број 10-423/58 од 28.01.2025 година

Lidhja: Numri i juaj 10-423/58, datë 28.01.2025

Почитувани,

Во согласност со Вашето барање за номинирање на лице за интегритет и негов заменик, ве известуваме дека Агенцијата за примена на јазикот на РСМ ги именува следните административни службеници:

Të nderuar!

Në pajtim me kërkesën tuaj për nominimin e një personi për integritet dhe zëvendësin e tij, ju informojmë se Agjencia e Zbatimit të Gjuhës së RMV-së, i ka caktuar këta nëpunës administrativ të mëposhtëm:

1. Лице за интегритет: Даниела Јаќимовска – помошник-раководител на Секторот за планирање, координација и развој
е-пошта: daniela.jakimovska@apj.gov.mk;
контакт-телефон: 071/382-806

1. Person për integritet: Daniela Jaqimovska – ndihmësudhëheqëse e Sektorit të planifikimit, të koordinimit dhe të zhvillimit
E-mail: daniela.jakimovska@apj.gov.mk;
Numri i kontaktit: 071/382-806;

2. Заменик: Шпреса Зеќири Ибрахими – помошник-раководител на Секторот за поддршка на директорот
е-пошта: shpresa.zeqiri@apj.gov.mk;
контакт-телефон: 072/916-657

2. Zëvendëse: Shpresa Zeqiri Ibrahimi – ndihmësudhëheqëse e Sektorit të mbështetjes së drejtorit
E-mail: shpresa.zeqiri@apj.gov.mk;
Numri i kontaktit: 072/916-657;

Истовремено, ја потврдуваме нивната подготвеност за учество на претстојните обуки.

Njëkohësisht, konfirmojmë gatishmërinë e tyre për të marrë pjesë në trajnimet e ardhshme.

Доколку имате дополнителни барања или потреба од дополнителни информации, ве молиме да нè известите.

Nëse keni kërkesa shtesë ose nevojë për informacione plotësuese, ju lutemi të na njoftoni.

Со почит,

Me respekt!

Подготвил / Përpiloi: N. K.
Одобрил / Miratoi: J. S.

в.д. Директор / u.d. Drejtori
Granit Osmani